ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО-ВМРО-ДПМНЕ

**Број 09-415/5 од 2018 година**

10 2018 04 15

**Скопје, јануари 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| | **Страна** |
|---|---|
| Резиме | 1-3 |
| Вовед | 4 |
| Цел на ревизијата | 4 |
| Опфат и методологија | 5 |
| Резултати од ревизијата на следењето на препораките | 6-10 |
| Заклучок | 11 |

Прилог 1 – Забелешки по Нацрт извештај за извршена ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење

Прилог 2 - Одговор на забелешки по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:10-19/2

Дата: 21.01.2019 година

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Државната ревизија, согласно Законот за државната ревизија, опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност, број 09-415/5 од 22.05.2018 година за 2016 година на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ (во натамошниот текст ВМРО - ДПМНЕ) на сметката за редовно работење, согласно Годишна програма за работа за ДЗР за 2018 година.

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење за 2016 година имаше за цел да даде мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики кај ВМРО-ДПМНЕ на сметкатата за редовно работење за 2016 година.

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

Овој извештај ги презентира резултатите од извршена ревизија на следење на препораките кај ВМРО – ДПМНЕ, дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Со оваа ревизија утврдивме дека од 6 (шест) препораки дадени во Конечниот извештај, 2 (две) препораки се **спроведени целосно,** 2 (две) препораки **се спроведени делумно,** 1 (една) препорака **не е спроведена,** додека 1 (една) препорака **е во тек на спроведување.**

Во делот на **финансиските извештаи** од дадените пет (5) препораки:

- **спроведена** е една (1) препорака, односно во договорите за извршување на услуги и работи склучени во 2018 година, начинот на фактурирање и плаќање по истите се уредени согласно одредбите од законската регулатива;

- **делумно спроведени** се две (2) препораки и тоа:

  - препораката за преземање активности сметководствените трансакции да бидат поткрепени со комплетна и уредна документација, односно:
    - во делот на утврдената состојба за евидентирани обврски без комплетна поткрепувачка документација како потврда за извршените услуги, утврдивме дека преземени се активности кон фактурите од 2018 година да се приложува комплетна документација за извршените услуги и работи. Исто така, во април 2018 година, донесена е процедура за управување со финансиските документи пред нивно сметководствено евидентирање и
    - во делот на утврдената состојба за евидентирани обврски за извршените услуги, врз основа на договори без доставени фактури, утврдивме дека дел од утврената состојба преземени се активности, односно обезбедена е фактура само за дел од извршени услуги и работи.

  - препораката која се однесува на преземање мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно законската регулатива. Со увид во приложената документација за спроведениот попис за 2017 година, констатиравме дека пописните листи за обврските не се целосно пополнети, додека пописните листи за опремата содржат податоци за фактичката и сметководствената состојба, како и за утврдените разлики (кусок/вишок), понатаму изготвен е извештај за извршениот попис со состојба на 31.12.2017 година и акт за негово усвојување. Исто така, во октомври 2018 година донесена е Процедура за подготовка и спроведување на попис на средствата, обврските и побарувањата, во која е уреден начинот на спроведување и усвојување на пописот, како и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

- **не е спроведена** една (1) препорака, односно не е обезбедена документација за искажани побарувања за дадени аванси на правно лице во минати години.

- **во тек на спроведување** е една (1) препорака, односно отпочнати се активности за водење на деловните книги и воспоставување на евиденцијата за 2018 година

согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Во делот на **усогласеност со закони и прописи**, утврдивме дека дадената препорака за затворање на сметките кои не се однесуваат на редовното работење на партијата, е **спроведена**. Имено, од страна на партијата преземени се активности за затворање на наменската сметка за уплата на средства за помош на семејства кои претрпеле штета во поплавите во 2016 година, но до моментот на вршење на ревизијата не е добиена согласност од страна на Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на донацијата, како услов за донирање на преостанатите средства и затворање на сметката. На ден ден 03.01.2019 година од страна на генералниот секретар на партијата доставен е Допис, Одговор на забелешки од нацрт извештај број 02-1187/1 од 31.12.2018 година и дополнителен доказ, Известување од деловната банка, дека наменската денарска сметка е затворена на ден 11.12.2018 година.

Истакнуваме дека спроведувањето на препораката за располагање со сметките на партијата согласно законската регулатива, во делот на преземање на активности за затворање на сметката за одобрен кредит за обртни средства е **не применливо**, како резултат на измени во законската регулатива.

Статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки ни обезбедуваат основа да изразиме заклучок дека субјектот преземал активности и мерки за дел од дадените препораки, со што постои потреба од дополнителни активности во наредниот период за целосно спроведување на препораките.

Во насока на целосна реализација на препораките содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревзиор, дадени се насоки за продолжување на активностите за целосна имплементација на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и при изготвувањето на завршната сметка, обезбедување на поткрепувачка документација за сите трансакции и целосно спроведување на пописот согласно законската регулатива.

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека се превземени активности од страна на партијата за надминување на констатираната состојба, доставен е дополнителен доказ, поради што истите се прифатени.

## 1. Вовед

Согласно стандардите на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ISSAI), спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи е последна фаза во процесот на ревизијата. Следењето на препораките е неопходен елемент на одговорноста како на ВРИ така и на носителите на јавни функции во доброто управување со јавните средства и помага во поттикнување на нивната ефективната имплементација.

1.1. Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно член 19 и член 23 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година.

1.2. Овој извештај ги презентира резултатите од извршена ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај број 09-415/5 на сметката за редовно работење за 2016 година на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство – ВМРО-ДПМНЕ. Во делот 4 - Резултати од ревизијата на следење на препораките од овој извештај даден е детален преглед на резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за спроведување на дадените препораки по конечниот извештај на овластениот државен ревизор на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство – ВМРО-ДПМНЕ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот застапувано од

- д-р Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ

Одговорност на ревизорот е да изврши ревизија на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесе заклучок врз база на прибраните докази.

## 2. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 3. Опфат и методологија

Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ISSAI) и согласно мандатот на државната ревизија во Република Македонија кој опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Изборот на вршење ревизија на следење на препораките кај оваа ревизија беше направен за да се утврди дали сеуште препораките се релевантни.

За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачката документација; спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и за оцена на усогласеноста со законските и подзаконски акти; одредивме соодветни постапки во однос на ревизорските цели; направивме интервјуа со лицата со раководна и управна одговорност; извршивме проценки на користените сметководствени принципи како и на важни проценки направени од страна на раководството и дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка на конкретни финансиски трансакции.

Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за оцена на степенот и соодветноста на преземените активности и мерки за спроведување на препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-415/5 од 2018 година на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство – ВМРО-ДПМНЕ.

Ревизијата е спроведена во период од 29.08.2018 до 28.09.2018 година кај ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство – ВМРО-ДПМНЕ од ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија.

## 4. Резултати од ревизијата на следење на препораките

Резултатите од ревизијата беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија кој се одржа на ден 25.10.2018 година.

На ден ден 03.01.2019 година од страна на генералниот секретар на партијата доставени се забелешки, Одговор на забелешки од нацрт извештај број 02-1187/1 од 31.12.2018 година, истите се разгледани и констатирано е дека се превземени

активности од страна на партијата за надминување на констатираната состојба, доставен е дополнителен доказ, поради што истите се прифатени.

Со ревизијата на следењето на препораките ги утврдивме следните резултати:

**4.1. Препорака во врска со наод 4.1.1. :**

Одговорното лице на партијата, да преземе мерки и активности располагањето со сметката и потсметките на партијата да се врши согласно законската регулатива, како и да продолжи со активностите за затворање на сметките кои не се однесуваат на редовното работење на партијата.

**Препораката е спроведена.**

Во делот на утврдената состојба дека политичката партија покрај со сметката за редовно работење располага со уште две сметки отворени во две деловни банки - сметка за пренос на средства од одобрен кредит за обртни средства и наменска сметка за уплата на средства за помош на семејства кои претрпеле штета во поплавите во 2016 година, спроведувањето на препораката е во тек и тоа:

- Во однос на констатираната состојба која се однесува на преземањето на активности за затворање на наменската сметка, Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во февруари 2018 година има донесено Одлука за донирање на паричните средства на наменската сметка во износ од 75 илјади денари на основно училиште од поплавеното подрачје, за што во април 2018 година склучен е договор за донација со корисникот на средствата и побарана е согласност од Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на донацијата. Во септември 2018 година, политичката партија има склучено нов договор за донација со основното училиште од поплавеното подрачје, усогласен со добиените насоки од Министерството за правда за корекција на претходно склучениот договор. За истиот повторно е побарана согласност од Министерството за правда, од каде добиено е Решение[1] со кое донацијата не се потврдува како донација од јавен интерес во областа на образованието и науката, како јавна дејност.

  Поради наведеното, Извршниот комитет на партијата во октомври има донесено Одлука за донирање на преостанатите парични средства во износ од 73 илјади денари на здружение-фудбалски клуб, со која се задолжува генералниот секретар на партијата да склучи договор за донација. До целосна реализација на наведената одлука, сметката за донација останува отворена.

  На ден ден 03.01.2019 година од страна на генералниот секретар на партијата доставен е Допис, Одговор на забелешки од нацрт извештај број 02-1187/1 од 31.12.2018 година и дополнителен доказ, Известување од деловната банка број

[1] Решение број 06-852/1 од 15.10.2018 година

20.1-68, со кој истата известува дека наменската денарска сметка е затворена на ден 11.12.2018 година.

- Во однос на констатираната состојба за преземање на активности за затворање на сметката за одобрен кредит за обртни средства, спроведувањето на препораката е неприменливо, како резултат на измени во законската регулатива.

  Имено, со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии[2] во 2018 година, уредено е дека во случај политичката партија своето финансирање да го врши и преку обезбедување на средства од кредит од комерцијални банки, покрај основната сметка на партијата, политичката партија може да има и уште една посебна сметка за средствата обезбедени преку кредит, како приватен извор на финансирање.

  Со наведеното законско решение, политичките партии имаат право на посебна сметка за обезбедување на средства за финансирање на активностите со кредити од комерцијални банки.

**4.2. Препорака во врска со наод 4.2.1.:**

Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземе активности за воспоставување евиденција согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

**Спроведувањето на препораката е во тек.**

Во однос на утврдената состојба за примена на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, ревизијата утврди дека истото не е применето во целост односно при признавањето на приходите и расходите за 2017 година во Финансискиот извештај – Биланс на риходи и расходи за 2017 година, не се искажани расходите за исплатени парични средства до 31.01.2018 година, а кои се однесуваат на работењето од 2017 година, што влијае на нереално искажување на билансните позиции.
До моментот на известување по извршената ревизија, од страна на овластеното лице за водење на деловните книги на партијата, доставено е „Известување„ дека почнувајќи од 01 јануари 2018 година во целост се применува сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Целосната примена на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции за 2018 година, ќе биде предмет на наредни ревизии.

[2] „Службен весник на Република Македонија„ број 140 од 30.07.2018 година

**Насоки за идни активности:**

Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да продолжи со активностите за целосно имплементирање на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и при изготвувањето на завршната сметка за 2018 година.

**4.3. Препорака во врска со наод 4.2.2.:**

Одговорното лице на партијата да преземе активности сметководствените трансакции да бидат поткрепени со комплетна и уредна документација.

**Препораката е делумно спроведена.**

Во делот на утврдената состојба за евидентирани обврски без комплетна поткрепувачка документација како потврда за извршените услуги, со увид во приложената документација и избраниот примерок од докуметацијата од 2018 година, утврдивме дека политичката партија има преземено активности за поткрепување на фактурите со комплетна документација за набавените стоки, услуги и работи. Со ревизијата констатиравме дека донесена е Процедура за управување со финансиските документи пред нивно сметководствено евидентирање во сметководството на ВМРО – ДПМНЕ од 02-253/1 од 18.04.2018 година, во која се уредени приемот, проверката, одобрувањето, интерната евиденција и ликвидирањето на истите, пред нивно доставување за сметководствено евидентирање.

Во делот на утврдената состојба за евидентираните обврски за извршените услуги, врз основа на договори без доставени фактури, утврдивме дека препораката е делумно спроведена, односно обезбедена е фактура само за дел од извршените работи, додека за делот за кој не е обезбедена фактура, од страна на субјектот дадено е образложение дека истите не можат да воспостават контакт со добавувачот, што влијае на потврдување на искажаните податоци за наведената обврска во финансиските извештаи.

**Насоки за идни активности:**

Одговорното лице за водење на деловните книги евиденцијата на трансакциите да ја врши врз основа на комплетна и уредна документација.

**4.4. Препорака во врска со наод 4.2.3.:**

Одговорното лице на партијата да преземе мерки и активности договорите да се склучуваат согласно законската регулатива.

**Препораката е спроведена.**

Препораката за преземање на мерки и активности договорите да се склучуваат согласно законската регулатива е спроведена.

Во оснос на утврдената состојба за склучен договор со еден радиодифузер, кој содржи одредби за одложено фактурирање за извршените услуги, препораката е спроведена.
Со увид во избраниот примерок на договори за извршување на услуги и работи склучени во 2018 година, констатиравме дека предметот на договорите и начинот на фактурирање на истите се уредени согласно одредбите од законската регулатива.

**4.5. Препорака во врска со наод 4.2.4.:**

Одговорното лице на партијата да преземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата во сите фази, пополнување на сите потребни податоци во пописните листи, усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и изготвување на извештај од извршениот попис, заедно со акт за усвојување на истиот и нивно проследување за евидентирање на разликите во сметководствената евиденција.

**Препораката е делумно спроведена.**

Во однос на утврдената состојба за извршениот попис за 2016 година, со нецелосно спроведување на сите активности, во сите фази од истиот, констатиравме дека препораката е делумно спроведена.
Имено, со увид во приложената документација за спроведениот попис на опремата, недвижностите, ситниот инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските на политичката партија за 2017 година, ги констатиравме следните состојби:

- пописните листи за обврските не се целосно пополнети, односно не содржат податоци за правната основа за настанување на истите, потврда дека состојбата на преземените обврски е уредно, хронолошко, целосно и правилно евидентирана во сметководствената евиденција, како и за причините за неизмирените обврски спрема добавувачите согласно член 32-в од Правилникот за сметководството на непрофитните организации. Наведената состојба влијае на целосно потврдување на обврските кон добавувачите во Билансот на состојба;
- пописните листи за опремата содржат податоци за фактичката и сметководствената состојба, како и за утврдените разлики (кусок/вишок), со што е надмината состојба утврдена за претходно спроведениот попис и
- изготвен е Извештај за извршениот попис на средствата, побарувањата,

обврските и ситниот инвентар со состојба на 31.12.2017 година и акт за негово усвојување.

Исто така, од страна на политичката партија донесена е Процедура за подготовка и спроведување на попис на средствата, обврските и побарувањата број 02-814/1 од 01.10.2018 година, во која е уреден начинот на спроведување и усвојување на пописот, како и и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

**Насоки за идни активности:**

Одговорното лице на партијата да продолжи со отпочнатите активностите за целосно спроведување на пописот согласно законската регулатива и тоа во делот на пописните листи за обврски, со внесување на податоци за правната основа за настанување на истите, како и за причините за неизмирените обврски спрема добавувачите.

**4.6. Препорака во врска со наод 4.2.5.:**

Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземат активности, евидентираните трансакции во деловните книги да бидат поткрепени со комплетна и уредна документација.

**Препораката не е спроведена.**

Во однос на наодот кој се однесува на обезбедување на документација за евидентираното побарување за даден аванс на правно лице, за кои на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација за утврдување на основот за исплата на истиот, препораката не е спроведена односно сеуште не е обезбедена документација за дадениот аванс. Наведената состојба влијае на можноста за потврдување на реалноста и објективноста на искажаната вредност на наведеното побарување за дадени аванси.

Во текот на 2017 и 2018 година, не се евидентирани нови побарувања за дадени аванси.

**Насоки за идни активности:**

Формирање на комисија за утврдување на реалноста и објективноста на искажаното побарување, утврдување на правниот основ како и разгледување на можноста за отпис поради застареност.

## 5. Заклучок

Со оваа ревизија утврдивме дека од 6 (шест) препораки дадени во Конечниот извештај, 2 (две) препораки (33%) се спроведени целосно, 2 (две) препораки (33%) се спроведени делумно, 1 (една) препорака (17%) не е спроведена, додека 1 (една) препорака (17 %) е во тек на спроведување. Истакнуваме дека спроведувањето на препораката за располагање со сметките на партијата во делот на затворање на сметката за одобрен кредит за обртни средства е не применливо, поради измени во законската регулатива.

Согласно наведениот статус на имплементација на препораките содржани во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на ВМРО-ДПМНЕ, утврдивме дека е направен одреден напредок, односно политичката партија преземала активности и мерки за спроведување на дел од дадените препораки, но постои потреба од понатамошни активности за целосна реализација на истите.

Исто така, потребно е одговорното лице на партијата да продолжи со активностите за примена на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и при изготвувањето на завршната сметка и целосно спроведување на пописот согласно законската регулатива.

До: Државен завод за ревизија

Адреса: Палата „Емануел Чучков“
ул. „Јордан Мијалков“
1000 Скопје,
Република Македонија

Предмет: Одговор на забелешки од нацрт-извештај

Датум: 31.12.2018 година

02-1187/1
31.12 2018 год.

Почитувани,

Врз основа на нацрт Извештајот за извршена ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот извештај на ОДР за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година, број 09-415/17 од 30.11.2018 година, примен во архивата на ВМРО-ДПМНЕ на ден 04.12.2018, ве информираме за следното:

„На ден 11.12.2018 година затворена е сметката за донации, за што во прилог ви доставуваме и копија од известувањето од Стопанска банка АД Скопје.“

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Генерален Секретар

Игор Јанушев

03. 01. 2019
10-19/1

Палата д-р. „Христо Татарчев“, Плоштад „ВМРО“ бр.1,
1000 Скопје, Република Македонија
тел. ++389 2 3102 800

www.vmro-dpmne.org.mk

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 03.01.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност, број 09-415/5 од 22.05.2018 година за 2016 година на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење, број 02-1187/1 од 31.12.2018 година од Игор Јанушев, генерален секретар на партијата, а по овластување на претседателот на партијата, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-19/1 од 03.01.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба за препораката во врска со наод 4.1.1. која се однесува на тоа дека одговорното лице на партијата треба да преземе мерки и активности располагањето со сметката и потсметките на партијата да се врши согласно законската регулатива, како и да продолжи со активностите за затворање на сметките кои не се однесуваат на редовното работење на партијата, **се прифаќа**. Имено, по доставувањето на Нацрт извештајот, од страна на партијата преземени се мерки за затворање на наменската сметка за донации, за што е добиено известување од деловната банка број 20.1-68, дека наведената сметка е затворена на ден 11.12.2018 година. Преземените активности од ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај и статусот на препораката ќе биде соодветно прилагоден.